Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 342, 15 април 2024 година

април 2024 година
Штип

## СОДРЖИНА

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „МЕТОДИКА НА НАСТАВА ПО ГЕОГРАФИЈА“ (Е-УЧЕБНИК) ОД ПРОФ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП ..... 3**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ЕНДОКРИНОЛОГИЈА” ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ВАЛЕНТИНА ВЕЛКОСКА НАКОВА И ПРОФ. Д-Р ИВИЦА СМОКОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ..... 7**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ..... 12**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „МЕТОДИКА НА НАСТАВА ПО ГЕОГРАФИЈА“ (Е-УЧЕБНИК) ОД ПРОФ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, како и Одлуката бр. 2102-35/13 од 302. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 31.1.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Благоја Маркоски, редовен професор на Институт за географија, ПМФ -Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, избран во научните области географија (105), картографија (10502), регионална географија (10503), информатика (110), информациони системи и програмирање (11002), образование (505) и методика (50504), според меѓународната Фраскатиева класификација;
- д-р Цане Котески, редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, избран во научните области географија (105), туристичка географија (10506), туризам и угостителство (514) и туристичка географија (51406), според меѓународната Фраскатиева класификација за изготвување и доставување писмен извештај (рецензија) на ракописот (е-учебник) **„МЕТОДИКА НА НАСТАВА ПО ГЕОГРАФИЈА“ од авторот проф. д-р Никола В. Димитров,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки, студиска програма Географија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Ракописот со наслов „Методика на настава по географија” припаѓа во научната област географија (105), образование (505) и методика (50504), според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за е-учебник **„МЕТОДИКА НА НАСТАВА ПО ГЕОГРАФИЈА“** е компатибилен во согласност со наставната програма за наставниот предмет Методика на настава по географија I и II, предмети од прв циклус студии од студиската програма Географија, на ФПТН, и тоа: Методика на настава по географија I (3+2+2), во седми семестар - четврта година и предметот Методика на настава по географија II (2+2+1), во осми семестар - четврта година. Двата наставни предмети се изучуваат на Факултетот за природни и технички науки, студиска програма Географија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на А-4 формат со нормален проред, фонт Arial, со македонска поддршка, големина на буквите 11 и има обем од вкупно 392 страници. Во ракописот покрај текстот распоредени се и 212 различни прилози, од кои 120 слики, 38 табели, 22 прегледи, 22 графикони, 5 шеми и 5 карти. На крајот од ракописот за учебник е поместена користена литература од 155 библиографски единици, како и дел на интернет веб-

страници. Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови и ги третира најважните теми од наставниот предмет.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според наши сознанија, авторот под ист наслов нема објавено учебник за студените на Факултетот за природни и технички науки, студиска програма Географија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Ракописот за кој се дава мислење е нов и прво издание.

Во минатото, пред дваесет и пет години, ваков, учебник „Методика на настава по географија“ имаат издадено авторите Аслан Селмани и Томе Андоновски, Институт за географија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во 1999 година. Тоа издание е исцрпено и работено според стара методологија која денес е несоодветна на новиот наставен процес по географија.

Овој учебник на авторот Димитров е нов и во целост ги задоволува современите технолошко-дигитални барања на наставата по географија.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е напишан на оригинален начин, со јасен и разбирлив јазик. Ракописот методолошки е структуриран во три дела, при што секој дел претставува посебна целина во согласност со наставната програма по предметот Методика на настава по географија. Секој дел се состои од поглавја, а на крајот поглавјето завршува со практична и корисна за студентите дидактичка апаратура за проверка на наученото. Така, потсетувањето или проверката ја сочинуваат три дела, и тоа: клучни зборови на темата, краток преглед на темата и прашања за дискусија. Ракописот завршува со поширока библиографија на користена литература од домашни и странски автори.

Ракописот ги содржи следниве три дела: прв дел: Теоретска методика; втор дел: Практична методика и трет дел: Прилози.

Првиот дел е насловен *Теоретска методика*, составен од 4 поглавја. Во првото поглавје - *Општи карактеристики* се објаснува за предмет, цели, задачи на методиката по географија. Авторот изнесува споредбена анализа помеѓу традиционалната и современата настава, потоа опширно ја елаборира Блум-Сандерсовата таксономија на когнитивни способности и тежински ниво. На крајот од ова поглавје дава преглед на врските на географијата со другите науки и улогата на географијата во развојот на личноста и образовниот систем.

Во второто поглавје - *Кратка историја на географијата како наука и наставен предмет* се зборува за три сегменти и тоа: појава и развој на географијата како наука, потоа за историскиот развој на географијата како наставен предмет и за историскиот развој на македонската географија како наставен предмет и наука.

Третото поглавје - *Методологија на наставата по географија* е најопширно и се опфатени сите важни сегменти од наставата по географија. Така, авторот, дава опис на дидактичките принципи, методи и форми на работа во наставата по географија. Потоа изнесува аргументи за примена и на други облици во наставата по географија, како што се теренската настава, примена на најразлични современи видови техники за наставна работа, други формални и неформални видови настава кои се применуваат во наставата по географија. Исто така, изнесени се и размислувања за воннаставни активности, додатна, дополнителна настава, слободни ученички активности, работа во стручни активи, водење на педагошка евиденција и други битни работи за успешна реализација на наставата по географија.

Во четвртото поглавје - *Технологија на современата настава по географија* е даден фокус на денешната и идната настава по географија. Ова поглавје ја третира современата технологија која во последните години се применува во наставата по географија. Впрочем, во овој дел се дава опис за поголем број нови наставни средства, инструменти и техники на работа, како и примена на географски информациски системи, новите дигитални средства, уреди и мултимедија во настава по географија која во блиска иднина ќе бидат географско секојдневие.

Вториот дел е насловен *Практична методика* и содржи 3 поглавја. Во првото поглавје - *Планирање, организирање и реализација на наставата по географија*, авторот ги запознава студентите по географија со видови планирања, организирање и реализација на наставен час, типови наставни часови и можност за самоевалуација. На идните колеги географи им се даваат сугестии за континуирано следење на образовното законодавство, нивно организирање во здруженија и други форми на работа, како и за водење на персонално досие и слично.

Второ поглавје е *Проверување и оценување на знаењата на учениците во наставата по географија.* Ова поглавје е важно како за наставникот, така и за учениците, бидејќи третира повеќе традиционални и современи видови и начини на проверувања и оценувања на учениците по наставниот предмет Географија.

Трето поглавје е *Изработка на годишно, тематско и дневно планирање*. Важен сегмент во наставата по географија е изработка на трите видови планирања за редовна и успешна реализација на наставата. Во ова поглавје се дадени чекори како се изработуваат овие видови планирања. Исто така, во интерес на продуктивна настава се даваат насоки и за реализација на теренска настава, изработка на наједноставни, но, сепак, корисни наставни средства, нивно архивирање, презентација и популаризација на географијата преку медиумите.

Третиот дел е насловен *Прилози*. Овој дел е составен од три дела. Во првиот дел се поместени повеќе примери на изработени годишни планирања од основно и средно образование, каде што се изучува географија. Исто и во вториот дел се ставени неколку изработени примери на тематски планирања од основно и средно образование.

И на крајот, во третиот дел од прилозите се поместени повеќе примери на изработени разни модели на дневни или оперативни планирања за наставен час по географија во сите степени на основно и средно образование, каде што се изучува наставниот предмет Географија.

Низ целиот изнесен материјал во ракописот за учебник авторот покажува стручно, научно и практично познавање на третираната проблематика која е систематично презентирана. Начинот на елаборирање и појаснување на избраните делови, поглавја и теми е јасен, пристапен и е резултат на неговата над три и пол децениска работа во наставата по географија, почнувајќи од основно, преку средно до високото образование.

Оттука, концизното и експлицитното презентирање на оваа проблематика дава одлична можност за користење на овој материјал не само за студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, туку и пошироко на другите универзитети каде што се изучува наставниот предмет Географија.

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот „МЕТОДИКА НА НАСТАВА ПО ГЕОГРАФИЈА“ од авторот проф. д-р Никола В. Димитров претставува стручен учебник која опфаќа избрани делови, поглавја и теми во кои се презентирани најголемиот број елементи и компоненти на едукативниот наставно-образовен сегмент кој се изучува во наставата по географија.

Разработените содржини се во согласност со наставната програма по Методика на настава по географија, наставен предмет во прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки, студиска програма Географија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање е-учебник пропишан според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Учебникот е напишан со разбирлив стил за студентите кои студираат Географија и се подготвуваат да бидат вработен наставнички кадар во воспитно-образовниот процес и ќе го предаваат наставниот предмет Географија во основно и во средно образование. Учебникот може да го користи и широка читателска публика и сите кои пошироко го изучуваат предметот Географија.

Оттука, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **со задоволство му предлагаме ракописот „МЕТОДИКА НА НАСТАВА ПО ГЕОГРАФИЈА“ од авторот проф. д-р Никола В. Димитров да го прифати како учебник за потребите на наставниот предмет Методика на настава по географија, за студентите на прв циклус студии, студиска програма Географија, на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Д-р Благоја Маркоски, редовен професор, Институтот за географија,
Природно-математички факултет – Скопје,
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, с.р.

Д-р Цане Котески, редовен професор,
Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија,
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ЕНДОКРИНОЛОГИЈА" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ВАЛЕНТИНА ВЕЛКОСКА НАКОВА И ПРОФ. Д-Р ИВИЦА СМОКОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-35/17 од 24.1.2024 г, на 315. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 24.1.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Бранкица Крстевска, редовен професор (во пензија) од Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, наставно-научна област ендокринологија;
- д-р Самуел Садикарио, редовен професор (во пензија) од Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, наставно-научна област ендокринологија

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ЕНДОКРИНОЛОГИЈА" од проф. д-р Валентина Велкоска-Накова и проф. д-р Ивица Смоковски,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Ендокринологија" од проф. д-р Валентина Велкоска-Накова и проф. д-р Ивица Смоковски, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како дел од предметот Интерна медицина 2, кој се слуша како задолжителен предмет во VIII семестар, со 9 ЕКТС, со фонд на часови 4+4+1, односно вкупен фонд 270 часови, на студиската програма Општа медицина. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма за предметот Интерна медицина 2 на студиската програма Општа медицина. Учебникот е наменет да служи како основна литература за изучување на ендокринологијата, како дел од предметот Интерна медицина 2. Истиот ги следи методите, активностите и дидактичките насоки за реализација на наставната програма.

Учебникот „Ендокринологија" е плод на работа, идеи и стручни ставови на двајцата професори од Факултетот за медицински науки на УГД во Штип. Секој од авторите оставил свој печат, но книгата е огледало на нивната стручност во секојдневна работа со пациенти од областа на ендокринологијата во Клиничка болница - Штип и на Универзитетската клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања во Скопје. Книгата дава базични информации и клинички погледи на болестите од областа на ендокринологија (проф. Крстевска)

Книгата „Ендокринологија" од професорите Валентина Велкоска-Накова и Ивица Смоковски е квалитативно поместување во едукацијата и практиката на македонската медицина, како значаен извор на информации од дадената област. Тоа е прв интегрално-хибриден учебник и прирачник по ендокринологија

во нашата академска средина, имајќи предвид дека поранешните дела се строго специјализирани. Тој е дериват на огромното клиничко искуство кај нас, а и потребата да се биде во синергизам со светските сознанија и трендови (проф. Садикарио).

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот за учебникот е напишан на 211 страници, согласно со ОИДК. ОБ.15. Упатство за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма, компјутерски обработен текст во А4 формат, со проред 1, со употреба на фонт Arial, големина на букви 11 и маргини на страниците 2,54 cm: top; left; bottom; right. Цитирањето е во АПА стил, при што цитатите во текстот се поставени во рамките на речениците и параграфите, со што се олеснува прегледноста на информациите за цитирање, односно авторите и делата кои се консултирани за изготвување на учебникот. Ракописот е илустриран со 53 слики, содржи 49 табели и 24 шематски прикази или алгоритми.

Учебникот е структуриран согласно со методологијата на предметната програма за делот ендокринологија во состав на предметот Интерна медицина 2, кој се слуша како задолжителен предмет во VIII семестар, со 9 ЕКТС и фонд на часови 4+4+1, односно вкупен фонд 270 часови, на студиската програма Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

Учебникот содржи 13 поглавја со вклучена користена литература како последно поглавје. Рецензентската комисија констатира дека обемот на учебникот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ендокринологијата постои во Македонија уште од пред 70 години, иницирана од прочуените професори-академици Игњатовски, Таџер и Арсов, потоа внесени во праксата од професорите Александар Плашески и Кирил Петровски, во чија екипа се вклучи и нашата генерација. Посебен белег дадоа и доајените-експерти на детската ендокринологија. Нашето беше да направиме „инцизија“ во непознат простор, а сега се очекува „супра-структура“ на една мошне важна градба. Факултетот во тоа време беше водечки во Југославија, а сега е потребно тоа да се реставрира. Тогаш не постоеја хормонски тестови и дијагностиката беше строго емпириска и интуитивна. Следеа воведувања на имунолошки, визуализациски, а за иднината се важни молекуларно-генетски тестирања и вештачка интелигенција, со што праксата еволуира во наука, глобализам и престиж. Издавање на учебник е запис или код, што значи и внесување на стратегија во даден регион, така што ова дело на професорите Накова и Смоковски ни дава можност, чест и одговорност да зборуваме за „македонска ендокринологија“.

До денес ендокринологијата како дел од интерната медицина е објавена само во состав на учебник по интерна медицина на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Како посебен дел, учебник по ендокринологија, кој по обем ги задоволува потребите на студенти од прв циклус, но и на специјализанти по ендокринологија нема објавено, од каде бил и поттикот да се напише овој учебник. Затоа, содржините презентирани во овој учебник може да претставуваат солидна теоретска основа за совладувањето на материјата и да им биде од корист не само на студентите туку и на идните специијализанти по ендокринологија.

**Краток опис на содржината:** Учебникот „Ендокринологија" од проф. д-р Валентина Велкоска-Накова и проф. д-р Ивица Смоковски, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, за предметот Интерна медицина 2, задолжителен предмет на студиската програма Општа медицина, е систематизиран во 13 волуминозни поглавја.

**Поглавје 1: Хипофиза (питуитарна жлезда).** Авторите ги прикажуваат заболувањата на хипоталамо-хипофизната оска, давајќи најнапред осврт на анатомијата и физиологијата, а потоа причините и клиничка слика на заболувањата, дијагноза и диференцијалната дијагноза презентирана со алгоритми и терапија.

**Поглавје 2**: **Тироидна жлезда.** Во второто поглавје авторите ги опишуваат заболувањата на тироидеа, конципирани по ист редослед, дефиниција, етиологија, клиничка слика, дијагноза, диференцијална дијагноза и терапија.

**Поглавје 3: Метаболни заболувања на коската**. Во ова поглавје се опишува патофизиолошкиот механизам на ремоделирање на коската, метаболизмот на калциум, фосфор и витамин Д, неопходни знаење како вовед за следните 3 поглавја.

**Поглавје 4: Болести на паратироидните жлезди.** Се дава дефиниција, етиологија, клиничка слика, дијагноза, диференцијална дијагноза и терапија за хиперпаратироидизам и хипопаратироидизам.

**Поглавје 5: Остеопороза.** Во ова поглавје се дава јасна дефиниција за остеопорозата, класификација, клиничка слика, дијагноза и терапија според најновите водичи.

**Поглавје 6: Пацетова болест**. Во ова поглавје се дава дефиниција етиологија, патологија, клиничка слика, компликации и терапија на пацетовата болест.

**Поглавје 7: Машки репродуктивен систем.** Поглавјето започнува со кратка анатомија и физиологија на машкиот репродуктивен систем, продолжува со клиничка евалуација, причини и алгоритам за дијагноза за машки хипогонадизам, а понатаму се обработени најчестите причини за примарен и секундарен хипогонадизам.

**Поглавје 8: Болести на надбубрежните жлезди.** Во ова поглавје авторите ги обработуваат: кушингов синдром, примарен и секундарен хипералдостеронизам, синдром на зголемена адренална андрогена продукција, примарна и секундарна адренокортикална инсуфициенција, феохромоцитом и адренални тумори.

**Поглавје 9: Женски репродуктивен систем.** Поглавјето започнува со кратка анатомија и физиологија на женскиот репродуктивен систем, а понатаму се обработува примарна и секундарна аменореја, полицистичен оваријален синдром, менопауза и хирзутизам.

**Поглавје 10: Дијабетес мелитус.** Ова поглавје детално се обработува дијабетесот, класификација и патогенеза, клиничка слика, компликации и терапија за истиот.

**Поглавје 11: Мултипла ендокрина неоплазија.** Согласно со потребите на студенти на медицина на кратко се опишани заболувањата кои влегуваат во состав на овие синдроми. Заболувањата се детално опишани во соодветните поглавја.

**Поглавје 12: Полигландуларни автоимуни синдроми.** Согласно со потребите на студенти на медицина на кратко се опишани најчестите автоимуни синдроми. Заболувањата се детално опишани во соодветните поглавја.

**Поглавје 13:** Библиографските единици, вкупно 28, користени при пишување на учебникот правилно се цитирани во АПА стил.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебникот **„Ендокринологија”** од **проф. д-р Валентина-Велкоска Накова и проф. д-р Ивица Смоковски,** наменет првенствено за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, за предметот Интерна медицина 2, задолжителен предмет на студиската програма Општа медицина, е прв учебник посебно како ендокринологија. Изобилува со голем број на информации од оваа област. Корисноста и современоста на учебникот се огледува во присуство на најнови сознанија за примена на современи методи за дијагноза и терапија на ендокринолошките заболувања. Исто така, авторите даваат препораки за скрининг, дијагноза и терапија, кои се корисни алатки, што штедат време и пари. Дадени се терапевтски постапки според медицина базирана на докази и најсовремени терапии во ендокринолошките заболувања. Направен е обид, покрај терапевската ефикасност да се посочи и цената на чинење. Учебникот ги следи методите, активностите и дидактичките насоки за реализација на наставната програма. Во изнесување на наставната материја авторите користат научно проверени теории и стручна терминологија кои се приспособени на начин што студентот и стручната јавност може да ги разберат, согласно со стекнатите предзнаења и спознајните способности, со што би го поттикнала читателот на учење со разбирање. Учебникот е конципиран на начин што му овозможува на читателот да ги воочи важните факти и го мотивира да користи различни стратегии за учење со цел продлабочување на знаењата и развивање на вештини. Учебникот дава можност за надоградување со други учебни помагала и продлабочувања на знаењата. Користените слики, табели и шематски прикази даваат допринос кон совладување на наставната материја. Учебникот е напишан на разбирлив, стандарден македонски јазик, а текстовите се прегледни овозможувајќи самостојно совладување на материјалот. Според наведеното, оваа книга ќе биде непроценлива првична референца за идните студенти, колеги, но и специјализанти, која ќе ја имаат во компјутер, во белиот мантил, на работната маса или во сите три. Учебникот ги исполнува целите за едукација и стекнување на знаења од областа на ендокринологијата (проф. Крстевска).

Книгата е екстракт на интегрални искуства и други огромни учебници и монографии кондензирани во минидимензионален сликовен формат, така што се создава „блиц-ефективност“ со „економија“ на просторот, енергијата и потрошеното време за учење. Студентот утре ќе се соочи со легални реалности, но и разни тестирања по светот и за областа треба да биде добро спремен. Докторот е „свој“ и „светски“, а во иднина ќе биде обратно. Првата гаранција за тоа се институцијата и авторите кои и сами беа одлични студенти и препознатливи специјалисти, а јас ги познавам како брилијантни познавачи на медицината, со особена перцепција и квантум на информации. Сепак, најдобар тест на идниот колега или колешка е праксата, за што влогот ќе претставува целиот живот.

На авторите им пожелувам успех, достоинство, професионална и лична среќа, а за себе би сакал да доживеам многу изданија на оваа книга (проф. Садикарио).

Врз основа на стандардите, критериумите и индикаторите предвидени со методологијата за вреднување и објавување на учебници, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, учебникот **„Ендокринологијаа" од проф. д-р Валентина Велкоска-Накова и проф. д-р Ивица Смоковски** да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Д-р Бранкица Крстевска, редовен професор, с.р.
Д-р Самуел Садикарио редовен професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 15.4.2024 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 1. Принципи на работа во имунохематолошка лабораторија | 2002-77/31 од 18.3.2024 год. | Проф. д-р Ивица Смоковски | Даниела Стојковска |
| | 2. Причини за зголемен број на царски резови во ЈЗУ Општа болница – Велес во последните 5 години | 2002-77/32 од 18.3.2024 год. | Доц. д-р Стефан Петровски | Тања Николова |
| | 3. Пациенти со политраума во период од 2022 до 2023 во ЈЗУ Општа болница – Струмица | 2002-77/33 од 18.3.2024 год. | Проф. д-р Татјана Тројиќ | Мартина Попиванова |
| | 4. Инструментариум во современата хирургија и современите миниинвазивни хируршки интервенции | 2002-77/34 од 18.3.2024 год. | Проф. д-р Јован Ивчев | Наташа Митровска |
| | 5. Предвремено породување | 2002-77/35 од 18.3.2024 год. | Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова | Ирена Павлевска |
| | 6. Улога на медицинската сестра/техничар во згрижување на пациентки со прееклампсија | 2002-77/36 од 18.3.2024 год. | Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова | Мери Крстеска |
| | 7. Предности на автоматската машина за изработка на оптички стакла | 2002-77/39 од 18.3.2024 год. | Проф. д-р Страхил Газепов | Ана Спасовска |
| | 8. Работоспособни лица со оштетен вид, аспекти и предизвици | 2002-77/43 од 18.3.2024 год. | Проф. д-р Страхил Газепов | Ана Георгиева |
| | 9. Апарати и инструменти во оптометрија | 2002-77/44 од 18.3.2024 год. | Проф. д-р Страхил Газепов | Дијана Бајовска |
| | 10.Тенкослојна хромотографија и брзи имунолошки тестови за токсиколошки скрининг | 2002-77/45 од 18.3.2024 год. | Проф. д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова | Елисавета Ристова |
| ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ | SCADA управуван хидромелиоративен систем и негова интеграција во IoT мрежа | 1802-53/6 од 9.4.2024 год. | Проф. д-р Гоце Стефанов | Дарко Богатинов |